Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

04.09.2026 година

Архивски број : 67-4543/8

Предмет: Известување за јавен увид на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за линиска инфраструктура – проширување и подобрување на безбедноста на сообраќајот на државниот пат Р2234 – делница „Кондово – Радуша – Јегуновце“, КО Долно Свиларе, КО Рашче вон град, КО Горно Свиларе, општина Сарај

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Министерството за транспорт го става на увид на јавноста Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за линиска инфраструктура – проширување и подобрување на безбедноста на сообраќајот на државниот пат Р2234 – делница „Кондово – Радуша – Јегуновце“, КО Долно Свиларе, КО Рашче вон град, КО Горно Свиларе, општина Сарај, изработен од Трговско друштво за проектирање, инженеринг и консалтинг ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје со технички број 03-03/2026 од март 2026 година, аплициран во информацискиот систем „е-урбанизам“ со број на постапка 80552.

Јавниот увид ќе трае 8 дена односно од 07.09.2026 до 14.09.2026 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4, 1000, Скопје како и на е-адресите:

vesna.markovska@mtc.gov.mk и

ilina.lalkova@mtc.gov.mk


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
ул. „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

**Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.**

**Со почит,**

**МИНИСТЕР**
**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ**

Подготвил: Ана Толева, миа
Одобрил: Илина Лалкова, диа
Помошник раководител на Сектор за уредување на простор


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
ул. „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk